Бр./Nr 12-707/4
02-09-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2761/1 од 14.10.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на --------, вработен во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во постапка за издавање на национален безбедносен сертификат на друго лице, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2761/1 од 14.10.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 14.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на ---------, вработен во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во постапка за издавање на национален безбедносен сертификат на друго лице, по што е оформен предмет број 12-2761/1 од 14.10.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека лицето -------, вработен во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации искористувајќи ја својата службена положба, изготвил потребната документација и ја поднел на потпишување и издавање на национален безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА" за друго лице во 2016 година, и покрај тоа што истото лице претходно добило негативен

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

резултат од безбедносна проверка спроведена од надлежен орган, спротивно на Законот за класифицирани информации,.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации да достави информации и документација во врска со постапката за издавање на предметниот безбедносен сертификат.

Постапувајќи по барањето, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации ја извести ДКСК дека против вработениот ------- била поднесена пријава во Дирекцијата во врска со истиот предмет, по која биле преземени конкретни активности со цел да се проверат наводите и по извршениот увид било констатирано дека наводите се неосновани. Истовремено, Дирекцијата ја извести ДКСК дека и во Основното јавно обвинителство е оформен предмет за предметниот случај, каде постапката е во тек.

Имајќи го предвид сето наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што за предметниот случај веќе постапува друг надлежен орган. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК